


ИЗДАНИЕ БР.16, МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 2019

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2019 КАВАДАРЦИ

*Приказна под отворено небо!*

06 СЕПТЕМВРИ
ГРАДСКИ ПЛОШТАД

2BONA



TRAP STATION

ТОНИ ЗЕН (DJ SET)



07 СЕПТЕМВРИ
ГРАДСКИ ПЛОШТАД

DJ BULI



АНТОНИА ГИГОВСКА



ЈЕЛЕНА РОЗГА



07 СЕПТЕМВРИ
КОСТУРНИЦА

DJ METODI HRISTOV



DJ LAKO



DJ POWER



DJ METHA MILL



08 СЕПТЕМВРИ
ГРАДСКИ ПЛОШТАД

КАРНЕВАЛСКО ДЕФИЛЕ



BLUE BAND



ЗДРАВКО ЧОЛИЌ







## АСФАЛТИРНА ГЛАВНАТА УЛИЦА ВО СЕЛО ДРЕНОВО

Општина Кавадарци преку ангажираната оператива изврши асфалтирање на дел од главната селска улица во Дреново. Нов асфалт доби делницата од триаголникот на влезот, покрај училиштето до центаротна селото.

Претходно фирмата „Коп Инжинеринг" од Батинци го реализираше комуналниот проект за изградба на атмосферска канализација во селото Дреново. Со пари од општинскиот буџет, сметка за комунална изградбе се реализира проектот за поставување нова линија во должина од 130 метри, на потегот од центарот на селото, до кружниот тек на влезот во Дреново. На оваа локација се поставувиа нови цевки со профил фи 400, вкопани во земја, како и две решетки за зафаќање на атмосфреските води. Општината на оваа локација изврши проширување на улицата, како и поставување на нов асфалт.





## РЕКОНСТРУИРАН ДЕЛ ОД УЛИЦАТА „7 СЕПТЕМВРИ"

Општина Кавадараци преку знгажираната оператива реализираше проект за реконструкција на дел од улицата „7-ми Септември", на потегот од раскрсницата со улиците „Цано Поп-Ристов и „Браќа Џунови", до раскрсницата кај салата „Партизан". Според проектот Општината на овој дел од улицата спроведе: асфалтирање на коловозната лента откако претходно го изгреба и отстрани стариот асфалт, потоа спроведе реконструкција на тротоарот со отстранување на дотраените и оштетени плочи, се подготви подлогата, се ископа ров за нова подземна инсталација за јавното улично осветлување и за операторот „Телеком", а се санираа и испакнатите корени на дрворедот. Општината изврши поплочување на тротоарот од павер елементи на површина од 900м2, а на делот до коловозот постојниот тротоар се пренамени во асфалтиран паркинг со нивото на улицата со корисна површина од 1.000 квадратни метри. Со овој зафат општината ревитализираше коловоз и тротоар на значајна улица во градот која води од центарот кон градскиот парк „Ѓупчо Шкартов" и стадионот. Општината на овој потег изгради и два кружни текови, а со уредувањето создаде побезбедни услови за пешаците, и за одвивање на сообраќајот.





## РЕКОНСТРУИРАНА УЛИЦАТА „ТИКВЕШКО ВОСТАНИЕ“

Со поставувањете на новата асфалтна подлога на потегот од првиот триаголник до плоштадот, Општина Кавадарци заврши со реализација на проектот за ревитализација на улицата „Тиквешко востание“.
Финансиската конструкција општината ја обезбеди преку грант за успешност од Светска Банка.
Во склоп на проектот се изврши проширување на улицата, поплочување на тротоарот од спојот со плоштадот кај општината до спојот со улицата „Миле В‘чков“, се поставиа нови рабници, а се изгради и кружен тек на локацијата кај „првиот триаголник“.





## СООБРАЌАЈНО УРЕДУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИОТ ПАРКИНГ

Општина Кавадарци преку специјализираната екипа на ЈП „Комуналец“ реализираше проект за сообраќајно обележување на подземниот паркинг кај старат „стоковна“.
Со бела боја се офарбаа ѕидовите на висина од 1,60 метри, а беа обележани и хоризонталните линии кои означуваат 22 паркинг местата. Според проектот влезот во паркингот ќе биде обележан со правоаголни линии во црна и жолта боја, а со истата црно жолта шара на висина од 1,60 метри ќе се обележат и столбовите.
Со вој проект општината после низа години интервенира во сообраќајно уредување на јавната подземна гаража.





## ЗАВРШИ ПАРТЕРНОТО УРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ПАРКОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА“

Ангажираната оператива на фирмата „Пирамид билдинг“ од Скопје заврши со реализација на проектот за партерно уредување на дел од „Паркот на револуцијата“. Се изврши санирање на пристапните скали од улицата „7 Септември“, како и санирање на скалникот кон фонтаната и бистите на паднатите борци Според проекто се изведе и поплочување на патеката од скалите до спојот со улицата „Борис Кидрич“. Целокупната површина е уредена со бехатон коцки, за кои најпрвин се поставија рабници како и тампон. Со овој проект општината санираше значен дел од пристапот и патеките до најниското плато на паркот, каде значаен број граѓани минуваат дел од слободното време.



## ПОПЛОЧЕНА УЛИЦАТА „КИРО КАРАКУЛЕВ“

Општината Кавадарци преку оперативата на фирмата „Павер Трејд“ заврши со изградбата на улицата „Ќиро Каракулев“ на потегот од спојот со регионалната улица „Страшо Пинџур“ кај вториот триаголник, па до последниот станбен објект.

Актуелното раководство на Општина Кавадарци конечно го реши деценииският проблем на жителите од тој дел на Кавадарци. Проектот кој е реализиран на барање на граѓаните опфати изградба на урбанизирана улица која на граѓаните ќе им овозможи непречен пристап и движење до нивните домови.



## ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦА ВО СЕЛО БРУШАНИ

Општина Кавадарци преку ангажираната фирма „Патио монт“ од Кавадарци реализира проект од комуналната инфраструктура во селото Брушани.

Се изгради улица во должина од 160 метри веднаш до новата селска црква. Проектот опфаќаше: трасирање и порамнување на улицата, тампонирање, поставување на рабници и поплочување со павер елементи. Бехатон плочките се поставиа на површина од 400 метри квадратни. Со овој проект општината го подобрува стандардот на живеење во ова село кое прераснува во туристичка населба на брегот на езерото „Тиквеш“

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ





## СЕ РЕКОНСТРУИРА И АДАПТИРА ОБЈЕКТОТ „ВИНСКА КУЌА“ ВО „ВИНСКИ МУЗЕЈ“

Општина Кавадарци преку Бирото за регионаленразвој, а во соработка со Центарот за развој на Вардарскиот плански регион започна со реализација на проектот за „Реконструкција и адаптација на објект Винска куќа-Кавадарци". Проектот опфаќа реконструкција на Винската куќа, со замена на покрив, поставување на нова армирано-бетонска плоча, нова челична конструкција, изолација на ѕидови, како и зајакнување на надворешните ѕидови, поставување на нова електрична инсталација и партнерно уредување, Вкупната сума на проектот изнесува 8 925 826 денари, од кои 3 096 460 денари ќе се обезбедат од буџетот на општина Кавадарци за 2019 година, додека останатите 5 829 366 денари се учество на Бирото за регионален развој. Намената на реновираниот и адаптиран објект ќе биде „Вински музеј“ од регионален карактер. Во него ќе бидат изложени музејски артефакти,посетителите ќе имаат можност да дегустираат вина и производи од грозје од производители од регионот, како и да се запознаат со тардицијата во производството на вино.



## ВОЗАРЦИ НАСКОРО ЌЕ ДОБИЕ ДЕТСКА ГРАДИНКА

На барање на жителите од Возарци општината реализира проект за изградба на детска градинка. Градбата е во поодмината фаза во која се работи на ноавта термо фасада, поставена е нова ПВЦ столарија, обновена електро инсталација, како и звучна и термо изолација на таванот. Станува збор за преадаптација на поранешната амбуланта, која сега со реконструкцијата ќе функционира двонаменски. Во делот за градинка ќе има капацитет за прифаќање на 25 до 30 деца. На површина од осумдесеттина квадратни метри ќе има: занимална, просторија за персоналот, чајна кујна и санитарен јазол. додека Преостанатиот простор од објектот ќе ја има функцијата на амбуланта. Со овој проект општината обезбедува подобри услови за граѓаните во делот на предшколската возраст како и во примарното здравство. А проектот во оваа урбана средина ќе го подигна уште повеќе и онака добриот стандард за живеење.




## МОТОР BMW ДОНАЦИЈА ОД КОЖУВЧАНКА ЗА КАВАДАРЕЧКАТА ПОЛИЦИЈА

„Кожувчанка“ како потврдена општествено одговорна компанија на Општина Кавадарци и донираше мотор од марката BMW според стандардите на сообраќајната полиција.
Градоначалникот м-р Митко Јанчев овој мотор го предаде на користење на Полициската станица од општа надлежност Кавадарци.
Со оваа нова донација, се обнови и збогати возниот парк на кавадаречката полиција која сега доби превозно средство за поефикасно работење на одделот на сообраќајната полиција







## ПОСТАВЕНИ ПАТОКАЗИ ЗА ТУРИСТ

Општината во соработка со повеќе општествено одговорни компании, поставува типизирани патокази за туристи. Според проектот изготвен од Одделението за туризам во општината, на 35 дрвени столбови се поставуваат 370 патокази наменети за туристите. Преку нив гостите на Кавадарци ќе се информираат за локациите на институциите, значајните објекти, културно историските споменици, излетнички места и за локациите на ресторантите и кафулињата во градот. Донацијата ја овозможија компаниите: „Илино промет",„БОМА Дизајн",„МЕНСЕН" ДООЕЛ,„Кожувчанка" и ЈП„Комуналец", сите од Кавадарци. Преку овој проект Градот добива уште една нова димензии на урбана средина со функционалност и уреденост од висок степен.



## РОТАРИ КЛУБОТ СО НОВА ДОНАЦИЈА ЗА ГРАЃАНИТЕ НА КАВАДАРЦИ

Општина Кавадарци постави нова чешма донација од „Ротари клубот" Кавадарци. Чешмата е подарок на кавадаречките ротаријанци за граѓаните на општината. Екипа на ЈП„Кмуналец" ја постави чешмата на платото пред седумкатницата, на местото каде досега имаше фонтана. Овој нов донаторски гест на Ротари клубот е продолжение на нивните досегашни активност заедно со општината да донираат во функција на подигање на стандардите на живеење и урбанизација на околината.



## ОБНОВЕНИ КОШ КОНСТРУКЦИИТЕ НА САЛАТА„ЈАСМИН'

На иницијатива на тимот „Мој општинар" и градоначалникот, општината Кавадарци реализираше проект за подобрување на условите за рекреација на теренит на ЈП„Јасмин".
Преку донација беа префарбани трите кош конструкции каде се поставиа 4 нови табли и шест обрачи со мрежичи.
Донатор е општествено одговорната фирма „Метал Апостолов" од Кавадарци, која донираше и една кош конструкција за Територијалната против пожарна единица од Кавадарци, бидејќи пожарникарите имаат задолжителна физичка подготовка.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



## ПОТПИШАНИ ДОГОВОР ЗА ВРЕМЕНО АНГАЖИРАЊЕ

Во Општина Кавадарци беа потпишани и доделени 17 договори за времено ангажирање на навработени лица преку проектот „Креирање можности за работа за сите“, Програма „Општинско-корисна работа 2019“. Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на 14 негувател/ки на стари лица во домашни услови во период од 6 месеци и 3 лични асистенти во училиштата за учениците од општинските училишта кои имаат телесен или ментален инвалидитет и наидуваат на проблеми во наставно- воспитниот процес во период од 9 месеци.. Ангажираните невработени лица вклучени во Програмата ќе бидат ангажирани за 20 (дваесет) работи часови неделно. Ќе бидат исплатени со паричен надоместок за работно ангажирање во бруто износ од 9.000 денари месечно, со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест. Општината во вкупното финансирање учествува со 20%, додека УНДП со 80% во месечниот надоместок.

Програмата Општинско-корисна работа има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено работно време, заради стекнување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд. Програмата, исто така има за цел преку обезбедување на услуги од социјалната и здравствената сфера да помогне на лица кои живеат на територијата на локалната самоуправа.

Проектот се реализира врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ, УНДП и Општина Кавадарци.



## ЕКОЛОШКА АКЦИЈА ЗА СПАС НА ДВЕ ДРВА

Општина Кавадарци во координација со ЈП „Комуналец“ ОЕ „Паркови и зеленило“ реализираше успешна еколошка акција за спас на две дрва. Акцијата беше спроведена во рамките на проектот за реконструкција на улицата „7 Септември“. По изградбата на кружен тек на оваа улица на спојот со улицата „Цано Поп-Ристов“ се јави потреба од проширување на коловозната лента со одземање на дел од тротоарот.

На тоа место се наоѓаа две повеќегодишни дрва од вид на јавор. Наместо да го пресечат, надлежните од општината и „Комуналец“ превзеде акција за нивна дислокација. Дрвата беа стручно отстранети и засадени во тревникот над кејот на улицата „Браќа Џунови“.



## ЗАПОЧНА ОБНОВАТА НА ФАСАДАТ НА ЗГРАДАТА „ТУТУНСКА“

Продолжува проектот за обновување на фасадите на зградите во централното градско подрачје. Оперативата на ангажираната фирма „Метал Апостолов“ започна со обнова на фасадата на зградата „Тутунска“ на улицата „Илинденска“. Ова е шестата зграда на која Општината врши фарбање на фасадата, обнова на сачокот и олуците. Според проектот остануваат да се обноват фасадите на уште шест згради.



## НОРВЕШКА СО ГРАНТ ЌЕ ПОМОГНЕ ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО ШУМАРСКОТО УЧИЛИШТЕ

Градоначалникот на Кавадарци м-р Митко Јанчев го потпиша договор за грант средства за проектот „Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СО ЗШУ „Ѓорче Петров“. Парите се обезбедени од проектот „Норвешка поддршка за развој на Северна Македонија-ЦФП 03-2019“, преку Канцеларијата на Обеднитe нации во нашата земја. Вкупната вредност на Проектот е 4.950 000 денари (90 000 USD), каде преку ко-финансирање учеството на општината е во износ од 300.000 денари. Проектот опфаќа подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СО ЗШУ „Ѓорче Петров“ преку промена на кровната конструкција, поставување на енергетска термо фасада и други мерки за подобрување на енергетската ефикасност. Општината грантот го обезбеди преку Секторот за Локален економски развој, кој изготви содржаен проект согласно високите критериуми по јавниот повик на канцеларијата на Обединети Нации за проектни услуги (УНОПС)-проект: „Норвешка поддршка за развој на Северна Македонија-ЦФП 03-2019“.

# ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

## МИХАЈЛОВО - КАВАДАРЦИ 2019

Од 20 до 26 август во хотел Уни Палас 2 во организација на Домот на Културата „Иван Мазов – Климе“ и Советот и Градоначалникот на општина Кавадарци се одржа 25та ликовна колонија Михајлово – Кавадарци 2019. Оваа година твореа околу 50тина ликовни уметници од Македонија, Србија, Бугарија, Грција, Албанија, Косово, Словенија, Русија, Украина, Иран, Саудиска Арабија, Италија за кои инспирацијата околу хотелот, но и од местата кои ги посетија околу и во нашиот град доведе да изработат околу 100тина уметнички дела. За време на колонијата се отворија две изложби на уметници, учесници на колонијата, едната во градската галерија при Домот на Културата а втората во Музеј Галеријата на град Кавадарци.











Почитувани,

Во Општина Кавадарци денес почнуваат со настава 328 првачиња во 23 паралелки, вклучувајќи ги и подрачните училишта. Ние како општина непрекинато работиме на подобрување на условите во сите училишта но нашата општина. Во изминатите години се вложуваше многу во подобрување на училишните згради, вториот дом на нашите ученици. Ние како локална самоуправа ќе продолжиме да ги следиме трендовите во образованието и за децата ќе обезбедуваме место кое ќе биде инспирација за нови знаења.

Новиот почеток секогаш претставува предизвик преку кој неуморно сакаме да учими за нешто ново, нешто непознато.

Денес започнува уште една учебна година. Верувам , дека денес сите ученици се возбудени и нестрпливо го очекуваат запознавањето со новата учебна година. Ова е почеток на ново скалило во животот на нашите најмили.

Најголем предизвик пред себе имаат првачиња со почетокот на нивниот нов начин на живеење. Пред вас, драги првачиња е еден непресушен извор на знаење од кој треба непрекинато да учите и да се надградувате. Во оваа учебна година ќе се запознаете со многу нови работи, ќе ги запознаете буквите и бројките. Пред вас е година во која ќе ги научите основите за градење на големи успеси.

Сакам да им посакам среќа и на оние кои се столбот на писменоста на нашите деца. Драги просветни работници, ви посакувам уште една година која ќе биде богата со успех кој вие го пренесувате на нашите деца. Посакувам да имате успешна година која на крајот ќе покаже резултат со многу одлични и примерни ученици. Вие сте вторите родители на нашите деца, верувам дека за вашета посветеност тие ќе ви возвратат со големи успеси и многу знаење.

**СРЕЌНО УЧЕНИЦИ, СРЕЌНО ПРВАЧИЊА.**









Во просториите на општинската зграда, свое излагање имаше д-р Лазар Нанев. На оваа презентација беа присутни Градоначалникот м-р Митко Јанчев, претставници од бизнис секторот и правници од локалната самоуправа. Со најновите измени и дополнувања на Законот за судови во делот за утврдување на надлежноста на судовите со проширена надлежност се вметнува Основниот суд во Кавадарци, за кого се наведува дека ги врши работите од проширена надлежност не само на својата територија туку и на подрачјето на Основниот суд во Неготино. Овие измени во Законот за судови беа тема на денешната презентација преку која бизнис секторот и локалната самоуправа се запознаа со овие измени.





## „ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ВО СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ".

Градоначалникот на Кавадарци м-р Митко Јанчев го потпиша договорот за грант средства за проектот „Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СОЗШУ „Ѓорче Петров".

Парите се обезбедени од проектот „Норвешка поддршка за развој на Северна Македонија-ЦФП 03-2019", преку Канцеларијата на Обедните нации во нашата земја. Вкупната вредност на Проектот е 4.950 000 денари (90 000 USD), каде преку ко-финансирање учеството на општината е во износ од 300.000 денари.

Проектот опфаќа подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СОЗШУ „Ѓорче Петров" преку промена на кровната конструкција, поставување на енергетска термо фасада и други мерки за подобрување на енергетската ефикасност.

Општината грантот го обезбеди преку Секторот за Локален економски развој, кој изготви содржаен проект согласно високите критериуми по јавниот повик на канцеларијата на О бединети Нации за проектни услуги (УНОПС)-проект: „Норвешка поддршка за развој на Северна Македонија-ЦФП 03-2019".

Овој проект ќе придонесе за подигање на стандардите на образование во регионалното училиште, како и за враќање на рејтингот за квалитетот на образованието, во привлекување на идните средношколци.



# OPEN FUN FOOTBALL SCHOOL
# ОТВОРЕНИ ЗАБАВНИ ФУДБАЛСКИ ШКОЛИ 2019 ГОДИНА

Општина Кавадарци во соработка со организацијата на Отворени забавни фудбалски школи 2019, заедно со 12 тренери - наставници по физичко и здравствено образование, наставници од одделенска настава и претставници од општината, организираа настан од проектот и оваа година. Школата се одржа на Градскиот фудбалски стадион Тиквеш, траеше три дена (понеделник) 26.08.2019, (вторник) 27.08.2019 и (четврток) 29.08.2019г и учествуваа 200 момчиња и девојчиња од 6 до 12 години. Исто така учество на вториот ден од настанот зедоа и бабите и дедовците заедно со внуците – Ден "Внуци и спорт".

Теренот беше поделен на 12 станици , од кој секој ден поминуваа по 4 станици со времетраење од 30 минути. Теренот беше со многу реквизити каде што децата низ разни игри учеа разни вештини, игрите беа со фудбал, хулахопи, јажиња, кошеви, трамполини. Низ игрите учеа за координација, ориентација, брзина, снаодливост, беа вклучени и мали интелегентни игри и штафетни игри за најмалите. За целиот настан да биде комплетен децата беа под безбедност на ЈЗУ Општа болница Кавадарци.











Помина летто, за некои брзо за некои бавно, за мене жешко, нооогу жешко. Не знам точно кууку време нема заврнато ама гарант сме без капка дожд ајле време, ако не и цело лето. Лошо за лозјињата, лошо за овошките, лошо за реките и езерто, а лошо и за нас шо јавно се декларираме како не сакачи на летто... Ама еве му се ближе крајот така да се надеваме на дождлива есен, каде ни шо си го сакаме дождот ќе си поуживаме малце. Помина летто, шо значи дека дојди време да се исклучиме од моудот годишен одмор и пак да си се вратиме на моудот работа. Не викам дека летто не се работеше, ама сепак некако работните обврски повеќе надоаѓат со почетокот на септември. Со самото тоа и градот ќе е пораздвижен, иако морам да признаам дека Кавадарци вака раздвижен не су го видел, пааа скоро никогаш. Искрено милина ми е кога навечер од кога ќе заврше пеколот наречен с'нце, плоштадот, ама и потегот од кружниот тек преку кафиќите на таа улица, па се до центарот и како шо рекоме и плоштадот преп'ни со човеци. Со млади со повозрасни со пензионери со дечиња кои си трчкат на плоштадот кој изгледа прекрасно, особено навечер... Стварно глетка која дава и влева надеж...

Денеска е 02.09.2019 значи прв школски ден за сите ученици од основните и средните школи. Само шо не беше. Денеска имаше штрајк на Просветните работници и првиот школски ден е пролонгиран за утре. Ама бидејќи на почетокот на мојто пишење за Кавдаречкиот информатор реков дека нема да пипам за неубави работи, така ќе биде и виа пат. Само морам да спомнам дека малку ми е криво за мајките на првачињата кои како и обично се дотераа, си направија фризури, се нашминкаа и отидоа на првиот школски ден за нивните првачиња, и сеа утре јово на ново оти може це растуре некоа фризура, ќе треба нова шминка, не смее да се оде пак со истата гардероба од денеска... Трошкови неиспланирани уш непочнати да учат децата. Нат гуд СОНК, нат гуд ет оооол...

За 4 дена почиња нешто по кое не препознават не само у Македонија туку и на Балканот. Почиња Тиквешкиот Гроздобер 2019, уште една приказна под отворено небо. Тоа значи Кавадарци 3 дена ќе биде центарот на Македонија (не дека друѕсте денови не е ;-) ) Ќе има за сите по нешто, на плоштадот и на паркчето спроти полицијата а бидејќи за Гроздоберот ќе пише некој друг за виа број на Информаторот, јас само ќе кажам дека од првиот ден ка е објавена програмата, има еден вагон позитивни реакции, и минорните негативни, ама тиа се од човечиња на кои се му смета, ама сепак први ќе ги видиш на некој настан од манифестацијата. Ни за тиа у Кавадарци викаме: Ни Се Терат, Ни Се Водат.

П. С. Касно е, саатот е 12 и неш ситно после полноќ, а тоа значи дека треба да се пуште некоа дообра серија. The Dark втора сезона на пример...

П.П.С. Некаде од средина на октомври до средина на ноември Театарот при Домот на Културата Кавадарци ќе биде домаќин на месецот на Театарот, по повод јубилејот 90 години од првата одиграна претстава у Кавадарци...

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Дизајн:** Иновативa Груп
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk